ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ
ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS

CIVICA MOBILITAS

# ВИДЛИВОСТА
# НА УСТАВНИОТ СУД НА РМ

## ПРИ НОСЕЊЕ ОДЛУКИ СО ПОСЕБЕН ФОКУС КОГА ОДЛУЧУВА ЗА ЗАШТИТАТА НА СЛОБОДИТЕ И ПРАВАТА НА ЧОВЕКОТ И ГРАЃАНИНОТ

# ВИДЛИВОСТА
# НА УСТАВНИОТ СУД НА РМ

ПРИ НОСЕЊЕ ОДЛУКИ СО ПОСЕБЕН ФОКУС
КОГА ОДЛУЧУВА ЗА ЗАШТИТАТА
НА СЛОБОДИТЕ И ПРАВАТА
НА ЧОВЕКОТ И ГРАЃАНИНОТ

Наслов:
**Видливоста на Уставниот суд на РМ при носење одлуки, со посебен фокус кога одлучува за заштитата на слободите и правата на човекот и граѓанинот**

Издавач:
**Центар за правни истражувања и анализи – Скопје**

За издавачот:
**Лидија Стојкова-Зафировска, претседател на ЦПИА**

Истражувач:
**Александра Цветановска**

Уредник:
**Мартин Сопронов**

Лектура:
**Биљана Стојановска**

Ликовно графичко обликување и печат:
**Релатив**

Тираж: **100**

**Бесплатен/некомерцијален тираж**

Проект:
„Зголемена видливост на работата на Уставниот суд на Република Македонија“

Забелешка: Овој документ е овозможен со поддршка од програмата Цивика мобилитас. Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU). Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Центарот за правни истражувања и анализи – Скопје и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или на организациите што ја спроведуваат.

# Содржина:


Извршно резиме 5

**1. Вовед** 6

**2. За користената методологија** 9

**3. Јавноста на работењето на Уставниот суд на РМ** 10

**3.1**Интернет-страницата –моќна алатка за проследување на информации од страна на Уставниот суд на РМ 10

**3.2**Јавноста на работењето на Уставниот суд на РМ и медиумите 12

**4. Заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот** 15

**4.1**Развој на уставно-правната заштита на човековите слободи и права 15

**4.2**Барања за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, во согласност со член 110, алинеја 3 од Уставот на Република Македонија 17

**4.3**Одржување на јавна расправа кога Уставниот суд одлучува по барања за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот 20

**4.4**Случајот Селмани и Други против Република Македонија 25

Заклучоци и согледувања 30

Препораки 31

Библиографија 32

# Извршно резиме

Овој документ е изработен во рамките на проектот „Зголемена видливост на работата на Уставниот суд“ спроведуван од Центарот за правни истражувања и анализи, овозможен со поддршка од програматана Цивика мобилитас.

Негова цел е добивање подобра слика за видливоста на Уставниот суд и активностите кои се преземаат во согласност со Деловникот на Судот за јавноста на работата, како и за обврската за одржување на јавни расправи пред Уставниот суд во постапки по поднесени барања за заштита на слободите и правата на човекот и грѓанинот, во согласност со член 110, алинеја 3 од Уставот на РМ.

Она што го прави овој документ особено значаен се начините на прибирањето на податоците. Најпрво се заснова на податоци добиени од правните експерти познавачи на областа, за потоа наодите од истражувањето да бидат дискутирани на средба на која учество зедоа и уставните судии на РМ, коишто дадоа свое гледиште во однос на видливоста и одржувањето на јавните расправи пред Уставниот суд.

Во овој контекст, документот пред сè е насочен кон донесување на заклучоци за потоа да пристапиме кон предлагање на препораки и конкретни решенија за надминување на слабостите и подобрување на работењето на Уставниот суд.

# 1. Вовед

Начинот на работата на Уставниот суд е уреден со Деловникот на Судот, а не со закон, со што е видлива намерата на уставотворецот за гарантирање на независноста на Уставниот суд. Во согласност со Деловникот, работата на Уставниот суд е јавна,[1] а јавноста во работата на Уставниот суд се обезбедува со известување преку средствата за јавно информирање за одржувањето на јавните расправи, а по оцена на Судот и за одржувањето на седница и подготвителна седница, со присуство на учесниците во постапката, други лица, органи и организации и претставници на средствата за јавно информирање.[2]

Јавноста на работењето на Уставниот суд е важна поради тоа што се постигнува видливост, подобрување на јавниот имиџ и зголемување на довербата во Судот, а пред сè транспарентност во носењето на одлуките на Судот кои се од интерес за пошироката јавност.

Една од надлежностите на Уставниот суд, во согласност со член 110, алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, е да ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на:

- слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата,
- политичкото здружување и дејствување и
- забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Во согласност со Деловникот на Уставниот суд, кој што е донесен на седницата одржана на 7 октомври 1992 година и кој што воопшто не е изменет, ниту пак дополнет за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, Уставниот суд одлучува, по правило, врз основа на одржана јавна расправа. На јавната расправа се покануваат учесниците во постапката и Народниот правобранител, а по потреба може да се повикаат и други лица, органи или организации.

1 Член 83 од Деловникот на Уставниот суд на РМ (СВРМ бр.70/92)
2 Член 84 од Деловникот на Уставниот суд на РМ (СВРМ бр.70/92)

Со одржувањето на јавната расправа се овозможува утврдување на правната и фактичката состојба, а пред сè аргументирање на правните стојалишта и аргументи и таа не претставува само инструмент за изнесување мислења, туку е потребно да биде алатка за зголемување на видливоста на Уставниот суд.

Обврската за одржување на јавни расправи од страна на Уставниот суд на РМ кога одлучува по барања за заштита на слободите и правата стана особено актуелна меѓу стручната јавност по донесената пресуда во февруари 2017 година на Европскиот суд за човекови права(ЕСЧП), во предметот Селмани и Други против Република Македонија, со која судот најде повреда на правото од член 6, став 1 од Европската конвенција за заштита на човековите права, во врска со неодржувањето на јавна расправа во постапката пред Уставниот суд на РМ.

Дополнително, голем број поднесени барања за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот пред Уставниот суд се отфрлаат или одбиваат, а повредите на човековите права во РМ, во согласност со извештаите и бројот на поднесените жалби пред ЕСЧП, се во постојан раст.

Во анализата најпрво, врз основа на податоците добиени од спроведеното истражување, ја анализиравме јавноста на Уставниот суд на РМ, за потоа да се фокусираме на одржувањето на јавните расправи по барања за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Во рамките на истражувањето беа спроведени структурирани интервјуа со: Маргарита Цаца Николовска–претседател на Институтот за човекови права, судија во Уставниот суд во Босна и Херцеговина и поранешен судија во Европскиот суд за човекови права; Стамен Филипов – дипломиран правник кој има поднесено повеќе од 1200 иницијативи пред Уставниот суд; Бранко Наумовски–поранешен судија и претседател на Уставниот суд; Иџет Мемети–Народен правобранител на РМ и поранешен судија во Уставниот суд; Филип Медарски–адвокат во предметот Селмани и Други против РМ; и Фиданчо Стоев–поранешен судија на Врховниот и Уставниот суд на РМ. Интервјуата беа спроведени со цел да се утврдат ставовите на стручната јавност, во однос на видливоста на Уставниот суд, механизмите за подобрување на овој аспект од работата на Судот, поврзано со

одржувањето на јавните расправи. Во интервјуата посебено акцент беше ставен на одржувањето јавни расправи како пракса, или пак исклучок, на Деловникот на Уставниот суд и критериумите при одлучувањето за одржувањето на јавни расправи во постапките по поднесени барања за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Првичните наоди од спроведеното истражување на 2 октомври 2017 беа предмет на дебата и консултација со судиите и стручните соработници на Уставниот суд на РМ, со дел од интервјуираните лица и со други правни експерти. На презентацијата се отвори дебата за согледување на наодите во насока за добивање препораки и решенија за примена на добри практики кои се вклучени во оваа анализа, а со цел зајакнување на правната сигурност и подобрување на работата на Уставниот суд на РМ.

# 2. За користената методологија

Податоците кои се вклучени во оваа анализа се добиени по пат на примена на различни методи од кои позначајни се:

- Квантитативните методи за прибирање на податоци со увид во нумеричките податоци од годишните извештаи на Уставниот суд во однос на одржувањето на јавни расправи по барање за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот; (сортирање на квантитативните податоци со бројот на одржани јавни расправи споредбено со постапувањето на Уставниот суд по предмети). Поднесување барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до Уставниот суд, во однос на бројот на одржани јавни расправи по предмети за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот во периодот од октомври 1992 до август 2017 година.

- Квалитативните методи за прибирање податоци со анализа на постапките пред Уставниот суд на РМ во однос на барањата за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот по член 110, алинеја 3 од Уставот на Република Македонија и одржувањето на јавни расправи и исполнувањето на афирмативни мерки– позитивна обврска на државата по пресудата на Европскиот суд за човекови права за предметот Селмани и Други против Република Македонија, Жалба бр.67259/14;
Спроведување на структурирани интервјуа со правните експерти познавачи на областа.

- Методот на индукција и дедукција ни послужи за добивање подобра слика за проблемот и утврдување на општи заклучоци од поединечни опсервации.

# 3. Јавноста на работењето на Уставниот суд на РМ

Во согласност со член 83 од Деловникот на Уставниот суд, работата на Судот е јавна,  а во согласност со член 84, јавноста во работата на Уставниот суд се обезбедува со известување на јавноста преку средствата за јавно информирање за одржување на јавните расправи, а по оцена на Судот – и за одржување на седница и подготвителна седница, со присуство на учесниците во постапката, други лица, органи и организации и претставници на средствата за јавно информирање за одлуките на Судот по прашања од интерес за пошироката јавност. Во истиот член е наведено дека Уставниот суд, по потреба, а најмалку двапати во годината, организира конференции за печатот и дека издава билтен и збирка одлуки како трајни извори за запознавање на јавноста со неговите одлуки, стручни мислења и ставови. На седниците на Уставниот суд може да присуствуваат учесниците во постапката, други заинтересирани лица, како и претставниците на средствата за јавно информирање. Единствено јавноста може да се исклучи, ако тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на земјата, чувањето на државна, службена или деловна тајна, заштитата на јавниот морал и во други оправдани случаи што ги определува Судот.

## 3.1 Интернет-страницата – моќна алатка за проследување информации од страна на Уставниот суд на РМ

Уставниот суд видливоста ја остварува пред сè со редовно ажурирање на својата интернет-страница (ustavensud.mk), каде што во делот Новости се објавуваат известувања за датумот и времето на одржувањето на седниците за преглед на иницијативи за оценување на уставноста и законитоста. Дополнително, одлуките на Судот редовно се објавуваат на страницата на Судот, лесно се достапни и она што е особено важно– системот за пребарување е целосно функционален, што значително влијае за видливоста на Судот. На интернет-страницата се достапни годишните извештаи за работата на Уставниот суд на Република Македонија од 2002 до 2016 година. Единствено во годишните извештаи за 2005 и 2006 година е наведено дека се издадени збирки на одлуки

и решенија на Уставниот суд за двете години и дека тие се доставени до сите судови и до други државни органи. Во другите извештаи не се споменуваат овие збирки, а во ниту еден извештај од 2002, па сè до 2016 година не се споменати билтените за кои нема никаква информација дали биле издадени и проследени.

На интернет-страницата на Судот е содржана и листата на информации од јавен карактер во однос на барања, во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, и содржан е опис како Судот ја известува јавноста, во кој се истакнува дека во делот Новости редовно се објавуваат информации за тековните активности на Судот.

Започнувајќи од 2005 година, во годишните извештаи на Судот е вклучен и засебен дел за јавноста на Судот, каде што се објавуваат активностите на Судот во текот на една календарска година. Во сите годишни извештаи кои се достапни на страницата, од 2002 па сè до 2016 година, се укажува на тоа дека во текот на годините за кои се однесуваат извештаите, Судот ги остварува односите со јавноста преку соопштенија и прес-конференции, иако во ниту еден извештај не е наведено кога се одржале и колкава била присутноста на медиумите, во согласност со член 84 од Деловникот на Судот, во согласност со кој, Судот најмалку двапати во годината организира конференции за печатот.

Во дел од извештаите е наведено дека Судот по секоја завршена седница преку средствата за јавно информирање, овозможува медиумите се-опфатно да се информираат за одлуките и решенијата на Судот, но не се наведен и начинот и формата на споделување на информациите.

Дел од уставните судии сметаат дека заложбите за видливоста на Судот се големи, заради што редовно се објавувал дневниот ред на седницата, а пракса на Судот е и на седниците да присуствуваат новинарите, за разлика од Уставните судови во многу други држави.

Во извештаите од 2009 и 2010 година е наведено дека во прилог на извештајот има дел „Медиумите за Уставниот суд на Република Македонија“, но таквиот прилог не е достапен во состав на извештаите.

Во извештајот за 2011 година е содржан прилог за присутноста на Судот во медиумите со информации колку пати бил споменуван во јавноста и за кои одлуки и решенија. Но, тоа се однесува за тоа колкав интерес пројавиле медиумите во 2011 година, а не и за тоа колку пати Судот проследил информации до медиумите, или за тоа дали одржал конференции за печатот.

Во извештаите од 2012 година, па сè до 2016 година се продолжува со информирањето на начин што јавноста се известува за достапноста на одлуките и решенијата кои ги донел Судот и се посочува дека Судот ги следи медиумите како и дека редовно се ажурира интернет-страницата на Судот со новости, но во ниту еден дел од информациите проследени на страницата нема информација за тоа кој е начинот на кој може јавноста да присуствува на седниците.

Експертите истакнуваат дека не сите луѓе имаат способност за пребарување на интернет, особено големиот број луѓе чии права се повредени, а кои Уставниот суд може да ги заштити.

## 3.2 Јавноста на работењето на Уставниот суд на РМ и медиумите

Медиумите во минатото имале можност во целост да ги снимаат седниците, но судиите сметаат дека тоа ја отежнувало нивната работа од причина што судот ја нема целокупната потребна техничка опрема за реализација на такво снимање.

Се случувало новинарите да издвојуваат делови од изјавите на судиите или да не се користи соодветната терминологија, како на пример судот ја „отфрли“ иницијативата, а во јавноста се проследувала информација дека ја „одбил“, што е сосема различно, како што истакнуваат дел од судиите. Дел од судиите сметаат дека е потребно да се размисли за проследување на пишан синопсис до јавноста со цел таа јасно да го разбере ставот на Судот.

Во 2014 година претседателката на Уставниот суд донесе одлука да ја прекине праксата на аудио и визуелно снимање од страна на медиумските

работници на седниците на Уставниот суд. По донесувањето на ваквата одлука имаше реакција од страна на медиумите, Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија и од Здружението на новинарите на Македонија кои побараа објаснување за недозволувањето за аудио и визуелно снимање од страна на новинарите на јавните седници на Уставниот суд. „Одговор никогаш не беше добиен. Кратко по забраната за снимање, Судот ја укина и позицијата портпарол на Судот, а односите со јавноста се одвиваат со намален интензитет, преку генералниот секретар на Уставниот суд".[3]

Дел од интервјуираните лица сметаат дека во 2017 година е намален интересот за работата на Уставниот суд од страна на медиумите во однос на предметите кои се во постапка во Судот, а и дека незаинтересираноста е заемна од страна на Судот и од медиумите, со што се придонесува видливоста на Судот да е значително намалена, а затвореноста на Судот да се зголемува.

Според стручната јавност која беше консултирана, потребно е Уставниот суд да даде дополнителни напори за зголемување на својата улога во општеството преку зголемената видливост за својата работа. Така, тие укажуваат дека е потребна подобра соработка со медиумите од причина што тие се гласноговорници на институциите, и доколку нема интерес од страна на медиумите, самиот Суд е потребно да иницира одржување на средби со новинарите со цел да ја запознае јавноста со својата работа.

Експертите сметаат дека Судот треба да прави заложби за подобрување на правниот механизам по однос на поднесените барања за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот и самоницијативно да иницира заштита кога има груби повреди на уставните начела, а сето тоа ќе придонесе кон зголемување на видливоста и улогата на Судот. „Активизмот на Судот особено во областа на заштита на правата и слободите има голем потенцијал којшто може да се искористи за да го подобри својот јавен имиџ, да ја зголеми довербата и да ја реафирмира својата улога на заштитник на уставот."[4]

3 Уставниот суд во стегата меѓу политичките интереси и човековите права2016, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, стр.30.
4 Трансформативната улога на Уставен суд на РМ, Центар за истражување и креирање на политики, Скопје, 2006 стр.39.

Експертите нагласуваат дека во минатото Уставниот суд објавувал согледувања, но дека тоа повеќе не е случај и дека како орган на Републиката е потребно да излезе од „невидливоста“ во којашто се наоѓа.

# 4. Заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот

## 4.1 Развој на уставно-правната заштита на човековите слободи и права

Уставниот суд е воспоставен со Уставот на Социјалистичка Република Македонија од 1963 година, а започнал со работа во 1964 година. Уставниот суд остана дел од уставниот поредок и со Уставот на СРМ од 1974 година. Сепак, улогата на Уставниот суд на СРМ била ограничена. Во период на единство на власта, Уставниот суд не располагал со доволно ефикасни правни средства за вистинско влијание врз процесите на контрола на законодавната и извршната власт, а оттаму ниту врз остварувањето на Уставот. Поради тоа, иако Уставниот суд имаше формална улога на главен носител на заштитата на уставноста и законитоста, особено оттаму што немал можност непосредно да укинува или поништува неуставни закони, тој бил ставен на периферијата на правниот и политичкиот систем.[5]

По усвојувањето на Декларацијата за независност од 1991 година и носењето на нов Устав, се прифати европскиот континентален модел на заштита на уставноста и законитоста и се формира Уставен суд на Република Македонија. Уставот го конституираше Уставниот суд на Република Македонија како орган на Републиката кој ја штити уставноста и законитоста и ги заштитува основните слободи и права на човекот и граѓанинот.

Заштитата на слободите и правата на човекот и граѓанинот е надлежност на Уставниот суд на РМ која се воведува повторно по прекинот направен со Уставот на СРМ од 1974 година. Со повторното воведување на заштитата со Уставот од 1991 година се зацврстува уставниот статус на човековите права и нивното значење за демократскиот развој на РМ. Во Уставот на Република Македонија не е содржана одредба со која посебно се гарантира право на судска заштита на личните и политичките права, туку заштитата е обезбедена преку гаранциите на основните права во членот 50, кои определуваат дека секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и

5 проф.д-р Зоран Сулејманов и доц. д-рДејан Сулејманов,Уставно судство, Скопје, 2013, стр.731.

пред Уставниот суд на Република Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност.

Во согласност со член 110 од Уставот на РМ, Уставниот суд на Република Македонија ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот, што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност. Поради крајно рестриктивната надлежност на Уставниот суд на РМ, дефинирана во член 110, алинеја 3 од Уставот на РМ за заштита на само 3, од вкупно 24 основни граѓански и политички слободи и права на човекот и граѓанинот утврдени со Уставот на РМ, Судот не ги дава очекуваните резултати. Со членот 110, алинеја 3 од Уставот на РМ, заштита немаат 17-те уставно загарантирани основни економски, социјални и културни права на човекот и граѓанинот.[6]

Во согласност со член 50 од Уставот на РМ, секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот, пред судовите и пред Уставниот суд на Република Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност. Се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања. Граѓанинот има право да биде запознаен со човековите права и основни слободи и активно да придонесува, поединечно, или заедно со други за нивно унапредување и заштита.

6 м-р Јордан Арсов,„Улогата на Уставниот суд на Република Македонија во заштита на слободата и правата на човекот и граѓанинот повредени со поединечен акт или дејство",Правен дијалог бр.3,Скопје:Институт за човекови права, 2011.

## 4.2 Барања за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот во согласност со член 110, алинеја 3 од Уставот на Република Македонија

| Година | Поднесени барања | Решени предмети | Отфрлени барања[7] | Одбиени барања | Утврдена повреда на право |
|---|---|---|---|---|---|
| 2016 | 8 | 11 | 10 | 1 | / |
| 2015 | 13 | 14 | 12 | 2 | / |
| 2014 | 13 | 16 | 14 | 2 | / |
| 2013 | 22 | 13 | 13 | / | / |
| 2012 | 25 | 27 | 21 | 6 | / |
| 2011 | 23 | 23 | 20 | 3 | / |
| 2010 | 9 | 6 | 5 | / | 1 |
| 2009[8] | 15 | 15 | 14 | / | / |
| 2008 | 6 | 6 | 5 | 1 | / |
| 2007 | 10 | 1 | / | 1 | / |

Споредувајќи ги бројките на постапување на Судот по поднесени барања, во согласност со член 110, алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, можеме да заклучиме дека Судот во периодот од 2007 до 2016 година одлучувал по 132 барања, од кои 16 барања биле одбиени, а само по едно барање утврдил повреда во 2010 година и за истиот тој предмет одржал јавна расправа. Загрижувачки е податокот што Судот отфрлил 114 барања. Анализата покажува дека граѓаните се недоволно запознати со условите кога може да се бара заштита на слободите и правата, како и со правната природа на одлуките на Уставниот суд, што како последица има голем број отфрлени барања. Со Деловникот на Уставниот суд на РМ се врши и разграничување на надлежностите меѓу Уставниот суд и редовните судови во врска со заштитата на слободите и правата. Уставниот суд дава непосредна заштита, ако правата се повредени со конечен или правосилен акт на државен орган и ако барањето е поднесено во рок од два месеци од денот на доставување на поединечниот или правосилниот акт.[9]

7 Барањата се отфрлени поради ненадлежност или поради постоење процесни пречки за одлучување.
8 По едно барање одлучил во 2010 година поради одржување на јавна расправа.
9 проф. д-р Светомир Шкариќ, Уставно право, Скопје, 2006, стр. 627.

За видливоста на Уставниот суд со посебен акцент на барањата за заштита на слободите и правата говори малиот број барања поднесени до Судот, како и трендот на намалување во последните три години во споредба со 2011, 2012 и 2013 година.




Поднесени барања за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот 2007-2016

Во насока на ефективна заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот пред Уставниот суд и овозможувањето на правни лекови кои ќе бидат делотворни се направи обид да се донесат одредени амандмани на Уставот во текот на 2014 година, со воведување на институтот уставна жалба. Венецијанската комисија забележа дека оваа реформа ќе биде успешна само со внимателна подготовка, која ќе бара усвојување на закон за Уставниот суд и јасна дефиниција во Уставот за обемот на основните права кои се заштитени.[10] „Дадените аргументи воопшто не беа јасни и концизни, туку напротив се предлагаа со многу кусо несоодветно и неиздржано образложение и презентираа една состојба на конфузност особено кога се има предвид воспоставување на систем на паралелизам и на потребата од ефективни и ефикасни правни лекови. Добро е што Собранието не ги стави овие нацрт-амандмани на дневен ред бидејќи постоеја многу елементи за несоодветно постапување, меѓу кои: забрзаната собраниска процедура во отсуство на опозицијата и немањето на јавна расправа и стручни дебати околу содржината на овие амандмани.“[11]

Во изминатите години се дебатираше и за донесување на Закон за Уставен суд на РМ.  Дел од интервјуираните сметаат дека е потребно да се донесе ваквиот закон којштo ќе придонесе за унапредување на

10 EUROPEAN COMMISSION FOR DEMOCRACY THROUGH LAW (VENICE COMMISSION), 13 October 2014 Opinion N° 779 / 2014 http://www.venice.coe.int/webforms/documents/default.aspx?pdffile=CDL-AD(2014)026-e
11 Маргарита Цаца Николовска,„Уставна жалба“, Правен дијалог бр.11, Скопје:Институт за човекови права, 2016

работата на Уставниот суд, и дека тој нема да ја наруши суверeноста на Судот. Во согласност со членот 113 од Уставот на РМ, начинот на работа и постапката пред Уставниот суд се уредуваат со акт на Судот. Според уставите на државите од поранешна СФР Југославија, постапката за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот повредени со поединечен акт или дејство, е уредена со закони за постапката пред уставните судови и за правното дејство на нивните одлуки, а само во Р. Хрватска тоа е уредено со Уставен закон за Уставниот суд на Р. Хрватска.[12] „Со Деловникот се уредуваат работи кои по правило би требало да бидат уредени со закон, сепак, отсуството на таков закон може да е гаранција за независноста на Судот, особено во време на силни притисоци, желби и обиди да се ограничи моќта на Судот преку измени кои би биле можни доколку би зависеле од Парламентот."[13]

Тоа што е оставен просторот уставни судии сами да одлучуваат за многу битни прашања за сопствена положба, е неприфатливо затоа што може да доведе до нарушување на принципот на „кочници и рамнотежа".[14]

Во делот на заштита на правата, во согласност со член 110, алинеја 3 од Уставот на Република Македонија по барања за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, не постои унифицираност во постапувањето по овие барања, а таа мора да постои за да се зголеми интегритетот на оваа институција. Истото би се постигнало и со проширување на надлежноста на Уставниот суд во однос на овие права, односно листата на права да биде проширена, а со тоа и надлежноста на Судот да биде поголема, сметаат експертите.

12 м-р Јордан Арсов, „Улогата на Уставниот суд на Република Македонија во заштита на слободата и правата на човекот и граѓанинот повредени со поединечен акт или дејство",Правен дијалог бр.3,Скопје:Институт за човекови права, 2011.
13 Маргарита Цаца Николовска, Анализа за независноста на судството во Република Македонија, перцепција, потешкотии и предизвици, Скопје:Институт за човекови права, 2013.
14 проф. д-р Рената Тренеска-Дескоска,Конституционализмот и човековите права, Скопје, 2006, стр.273.

## 4.3 Одржување на јавна расправа кога Уставниот суд одлучува по барања за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот

По барањата за заштита на слободите и правата на човековот и граѓанинот, во согласност со член 55 од Деловникот, Уставниот суд одлучува, по правило, врз основа на одржана јавна расправа. На јавната расправа се поканувaaт учесниците во постапката и Народниот правобранител, а по потреба можат да се повикаат и други лица, органи или организации. Јавната расправа може да се одржи и ако некој од учесниците во постапката или Народниот правобранител не присуствуваат, а се уредно поканети. „На јавната расправа подносителот на барањето (или неговиот овластен полномошник) имаат право да го презентираат својот случај и непосредно да го информираат Судот за сите факти релевантни за одлучувањето. Притоа не е исклучена можноста на јавната расправа да се презентираат и нови докази и информации кои не му биле познати на Судот во претходната постапка, а се битни за мериторното одлучување по предметот."[15]

На прашањето *Колкав е бројот на одржани јавни расправи по барања за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, бројот на предметите, одлуките по предметите во периодот од октомври 1992 година заклучно со 31 јули 2017 година, во согласност со член 55 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот?*, добивме одговор дека досега се одржале вкупно 5 јавни расправи, што споредбено со бројките во годишните извештаи на Судот за тоа по колку вкупно барања постапувал Судот, значи дека само во 3,8% тој одржал јавна расправа, иако во согласност со Деловникот, по барања за заштита на слободите и правата, по правило, се одлучува на јавна расправа.

Преглед на одржани јавни расправи и одлуки добиени со барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, по барања за заштита на слободи и права, во согласност со член 110, алинеја 3 од Уставот на Република Македонија.

15 проф.д-р Зоран Сулејманов и доц. д-рДејан Сулејманов,Уставно судство, Скопје, 2013, стр.773.

| Предмет | Година на одржување на јавната расправа | Одлука |
|---|---|---|
| У.бр.227/2006 | 2007 | Се одбива барањето. |
| У.бр.77/2007 | 2008 | Завршен по член 16 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија. |
| У.бр.84/2009 | 2010 | Се утврдува повреда на правото, се поништува поединечниот акт оспорен во иницијативата. |
| У.бр.107/2010 | 2011 | Се одбива барањето. |
| У.бр.165/2014 | 2016 | Се отфрла барањето. |

Во однос на барањата за заштита на слободите и правата, значајна е Одлуката У.бр.227/2006 со која се одбива барањето за заштита на слободите и правата од член 110, алинеја 3 од Уставот, кое се однесува на забрана на дискриминација на граѓаните по основ на национална и политичка припадност. Подносителите биле вработени во јавно претпријатие и биле членови на политичка партија, а по националност биле Албанци. Наведените лица биле во работен однос на неопределено време, а нивниот прием на работа бил извршен во согласност со постапката предвидена со Законот за работните односи и со претходно објавен конкурс, со запазување на целокупната постапка предвидена со позитивните прописи на Република Македонија. Меѓутоа, јавното претпријатие, по промената на правните акти, со донесување на оспорената одлука, укинало повеќе работни места во актот за систематизација на работните места, меѓу кои и работните места на подносителите на барањето, поради што подносителите имаат добиено отказ од работа. Со оспорената одлука подносителите сметаат дека биле дискриминирани по основ на национална и политичка припадност. Имајќи ја предвид надлежноста на Уставниот суд утврдена со член 110, алинеја 3 од Уставот, Уставниот суд оценил дека во конкретниов случај, прашањето за тоа дали подносителите на барањето биле дискриминирани поради нивната национална или партиска припадност, треба да се утврди преку утврдување на околностите за тоа дали националната и партиската припадност на лицата била основ за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во јавното претпријатие, односно за

укинување на работните места на кои биле распоредени и за престанок на нивниот работен однос, како што се наведува во барањето. Уставниот суд смета дека престанокот на работниот однос на подносителите на барањето не може да се смета за случај на дискриминација по основ на национална и политичка припадност, со оглед на тоа дека пред Судот не се презентираа докази дека укинувањето на работните места во систематизацијата на претпријатието, а следствено на тоа и отказите на договорите за вработување, се резултат на национални или партиски причини. Во одлуката на Уставниот суд е наведено дека Судот при одлучувањето го имал предвид исказот на претставникот на јавното претпријатие, даден на јавната расправа пред Судот. Дополнително што во самата одлука во повеќе наврати се споменуваат исказите од јавната расправа и исказот на заменикот Народен правобранител, даден на јавната расправа е важен за одлуката. Во оваа постапка улогата на јавната расправа е многу голема и Судот во носењето на одлука се потпира на исказите дадени на неа.[16]

Предметот У.бр.84/2009 е единствениот предмет по кој Судот има донесено одлука со која утврдил дека е сторена повреда на слободите и правата и го поништил решението донесено од Општинската изборна комисија. Со донесувањето на оспорените решенија од страна на Општинската изборна комисија – Зајас и Управниот суд, му било повредено правото на политичко дејствување на подносителот. Ова затоа што со Решението донесено од Општинската изборна комисија – Зајас, со кое му била одбиена кандидатурата, подносителот практично не бил во можност да влијае на државните органи ажурно да постапуваат и неоправданото постоење на казнената евиденција да го коригираат. Со Решението на Управниот суд на подносителот му бил оневозможен пристап до суд, а за тоа немало причини во законот. Врз основа на наведените уставни и законски одредби, одржаната јавна расправа и утврдената фактичка состојба по предметот, Судот оценил дека постои повреда на правото на политичко дејствување, сторена со неприфаќање на неговата кандидатура за градоначалник на Општина Зајас на локалните избори одржани во март 2009 година.[17]

16 Одлука на Уставен суд У.бр.227/2006 од 20.16.2007
17 Одлука на Уставен суд У.бр.84/2009 од 10.02.2010

Предметот У.бр.77/2007 е завршен по член 16 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, а во предметот У.бр.107/2010 се одбива барањето, со тоа што во самата одлука е наведено дека Судот ја донел одлуката по јавната расправа и на седницата, а тоа го сторил од извршениот увид во доставените и прибавените докази.

Во предметот 165/2014 се отфрла барањето за заштита од дискриминација по основ на политичка припадност, но значајно е да се спомене дека во постапката самите подносители се повикале на член 55 од Деловникот и му предложиле на Судот да одржи јавна расправа.

На интернет-страницата на Уставниот суд било објавено за одржувањето на овие јавни расправи, но не постои унифицираност во времето на објавувањето на известувањето, односно за предметот 107/2010 известувањето било објавено на 24.01.2011 година за закажаната јавна расправа на 03.02.2011 година, а пак за предметот 84/2009 известувањето е објавено само еден ден пред одржувањето на јавната расправа.

Во табеларниот приказ подолу е прикажан преглед на барањата по кои постапувал Судот во перидот од 2007 до 2016 година, од кои 114 или 85% се отфрлени без одржана јавна расправа. Во извештаите е наведено дека тие се отфрлаат поради ненадлежност, или поради постоење процесни пречки за одлучување. Во истражувањето го опфативме перидот од 2007 година, кога била одржана и првата јавна расправа од вкупно петте досега.

Донесени одлуки/решенија по поднесените барања за заштита на слободите и правата во периодот од 2007 до 2016 година



Во истиот временски период јавни расправи одржал по 5 барања, а тоа не го направил по 12 барања, за коишто донел одлуки и ги одбил барањата, не наоѓајќи дека е сторена повреда на правото.

Јавни расправи по барања за заштита на слободите и правата во периодот од 2007 до 2016 година




Тенденција на неодржување на јавни расправи за поднесените барања за заштита на слободите и правата е започната од претходно. „Неодржувањето на јавни расправи може значително да го отежни утврдувањето на фактите во поединечен случај што може да биде од суштинско значење за носење на одлука.“[18]

Уставниот суд на Р. Македонија, со само неколку исклучоци, не одржува јавни расправи по поднесените барања за слободите и правата, иако во согласност со Деловникот, по правило е должен тоа да го прави.

Дел од уставните судии сметаат дека Деловникот е потребно да се унапреди и подобро да се доуреди од причина што при секојдневното работење се воочуваат празнини, кои со Деловникот не се уредени затоа што тој не навлегува во детални решенија. Во тој дел е воедно и одржувањето на јавните расправи и прашањето по кои предмети ќе се одржува јавната расправа. Дел од судиите сметаат дека иако е уредено дека по правило се одлучува на јавна расправа, таа е потребна само во некои случаи кога очигледно има недостаток на факти и поради тоа е потребно да се одржи.

Како и судиите така и експертите сметаат дека Деловникот на Уставниот суд којшто не е изменет од 1992 година има многу недоречености,

18 Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во РМ во 2016 година, Македонско здружение на млади правници – МЗМП, стр.70

а спроведувањето на јавни расправи е оставено на волјата на Судот, односно во него не е прецизирано на кој начин се одлучува за одржување или неодржување на јавна расправа. Сметаат дека јавната расправа претставува инструмент за потполно утврдување на фактичката состојба и дека таа придонесува за ширење на правната култура којашто е значајна за развојот на едно демократско општество и е облигаторна кога се одлучува по барањата за заштита на слободите и правата. Неодржувањето на јавната расправа треба да биде исклучок, а не пракса, како што е сега и мора да постои оправдана причина којашто Судот ќе ја образложи за тоа зошто нема да спроведе јавна расправа. Деловникот треба да постои, но тој задолжително треба да се унапреди и да ги уредува само техничките прашања за работењето на Уставниот суд, а не и суштинските.

Неодржувањето на јавни расправи по сите поднесени барања, во согласност со Деловникот и оставањето на оценка на самиот суд, селективно да постапува за кои предмети ќе се одржи јавна расправа, говори за отвореноста на судот и за волјата за вклучување на стручната јавност со цел донесување на правилна одлука и добивање на јавна поддршка (доверба) за работата на судот.

## 4.4 Случајот Селмани и Други против Република Македонија

По однос на непочитувањето на оваа процесна одредба во месец февруари 2017 година, Европскиот суд за човекови права донесе пресуда за случајот *Селмани и Други против Република Македонија,*[19] со која Судот најде повреда на член 6 од Конвенцијата, во врска со неодржувањето на јавна расправа во постапката пред Уставниот суд на РМ. Со пресудата се утврдува и повреда на правото на слобода на изразување, право заштитено со членот 10 од Европската конвенција за човекови права.

На 24 декември 2012 година жалителите, заедно со други акредитирани новинари, известувале од галеријата за новинари во Собранието на РМ. Тие ја следеле дебатата околу државниот буџет за 2013 година, која била тензична меѓу опозицијата и пратениците на владејачката партија и им привлекла значително внимание на јавноста и медиумите. Во исто време, две спротивставени групи луѓе протестирале пред зградата на Собранието.

19 Случај Селмани и Други против Република Македонија (Жалба бр. 67259/14), пресуда од 09.02.2017 год.

Напнатата атмосфера кулминирала кога група пратеници создале вознемиреност во салата. Имено, тие го опкружиле Претседателот на Собранието, удирале по масата, го спречувале пристапот до говорницата и започнале да ја оштетуваат техничката опрема. Претседателот на Собранието, кој бил извлечен од салата, наредил обезбедувањето да го врати редот во неа. Лицата задолжени за безбедноста насилно ги исфрлиле пратениците на опозициската партија. Другите членови на обезбедувањето почнале со отстранување на новинарите од галеријата, вклучувајќи ги и жалителите. Некои новинари се придржувале до насоките дадени од обезбедувањето. Сепак, жалителите одбиле да заминат, бидејќи сметале дека јавноста има право да биде информирана што се случува во Собранието. Сето тоа завршило со нивно присилно отстранување.

Жалителите последователно поднеле барање за заштита на слободи и права на човекот и граѓанинот до Уставниот суд, наведувајќи дека било нарушено нивното право на слобода на изразување (според член 10 од Европската конвенција за човекови права) на собраниската дебата, која била од посебен јавен интерес. Тие, исто така, побарале од Уставниот суд да одржи јавна расправа по нивното барање.

На седницата одржана на 16 април 2014 во отсуство на странките, Уставниот суд го одбил барањето на жалителите. Во одлуката е наведено дека Судот ја утврдил фактичката состојба врз основа на доказите што биле приложени кон барањето и одговорот добиен од Собранието на Република Македонија. Притоа утврдил дека отстранувањето на жалителите од собраниската галерија било засновано на членот 43 од Законот за Собрание на РМ и членовите 91 – 94 од Деловникот на Собранието на Република Македонија и дека тие одредби се однесувале на сите инволвирани во случувањата во Собранието, вклучувајќи ги и новинарите во галеријата. Исто така, заклучил дека било неопходно да се отстранат жалителите од галеријата поради безбедносни причини, поради неколку инциденти, особено поради тоа што биле фрлани предмети во салата – некои во насока на галеријата. Затоа, Уставниот суд сметал дека преземените мерки биле оправдани бидејќи биле со цел да се заштитат новинарите, со самото тоа што биле однесени на побезбедно место, притоа неограничувајќи ја нивната слобода на изразување. Всушност, новинарите биле во можност да го следат преносот на дебатата во живо

од други простории, а повеќето од нив ги поднеле и објавиле своите извештаи во вечерните изданија на нивните медиуми.

По однос на оваа одлука на Уставниот суд, судијата на Уставниот суд д-р Наташа Габер-Дамјановска, има издвоено мислење, во кое ја истакнува неможноста објективно да се произнесе за предметот, кој верува дека е мошне специфичен случај и за кој требало да се земат предвид сите информации кои ги разјаснуваат правните и фактичките околности врзани со него. Смета дека информациите, фактите и доказите кои Уставниот суд ги имал предвид при одлучувањето биле единствено од писмена природа и дека биле недоволни да се донесе мериторна и темелно одмерена одлука. Во издвоено мислење судијата д-р Наташа Габер-Дамјановска жали што Уставниот суд не покажал подготвеност да се расчистат дилемите, преку организирање јавна расправа на која ќе се добиел точен увид во фактичката состојба и изворно ќе се добиеле детални информации за настанот од сите инволвирани страни. Во мислењето ја истакнува можноста за јавна расправа во член 55 од Деловникот на Уставниот суд и дека таквата расправа отсуствува во предметот по што Уставниот суд дал верба на исказите и постапките наведени во дописот само на едната страна, без вредносно да ги оцени и прецизира доказите според Уставот, принципите на Европската конвенција за човекови права и јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права преку одржана јавна расправа.

Во жалбата пред ЕСЧП, жалителите тврделе дека во дадениот случај Уставниот суд не бил повикан да одлучува само за правни прашања, туку постоле неколку спорни прашања за кои било потребно да се утврдат фактите, поради што тие барале да се одржи јавна расправа.

Владата се осврнала на посебната позиција на Уставниот суд и тврдела дека не е ниту редовен суд, ниту е суд кој утврдува факти. Постапките во врска со поединечните уставни претставки се однесуваат главно на правни прашања, а не на утврдување факти, освен ако не се спорни меѓу странките.

Судот сметал дека жалителите имале право на јавна расправа пред Уставниот суд. Единствено Уставниот суд на РМ разгледувал и одлучувал за основаноста на предметот на жалителите, постапувајќи како прв и

единствен суд. Случајот не вклучувал исклучиво правни прашања, како што тврдела Владата, туку прашања поврзани со утврдување на факти кои биле релевантни за исходот на случајот. Всушност, одлуката на Уставниот суд била заснована на фактите што жалителите ги оспориле, особено: дали биле објаснети причините за отстранување на жалителите; нивото на сила што ја користеле лицата задолжени за обезбедување; дали членот на обезбедувањето бил повреден за време на инцидентот; безбедносниот ризик кој наводно барал нивно отстранување; и дали жалителите биле способни да ги следат настаните по нивното отстранување.

Сепак, не била одржана јавна расправа, иако жалителите експлицитно го барале тоа. Покрај тоа, Уставниот суд не дал никакви причини зошто сметал дека не е потребно да одржи јавна расправа. Утврдувајќи дека немало никакви исклучителни околности кои би можеле да го оправдаат неодржувањето на јавна расправа пред Уставниот суд, ЕСЧП смета дека има повреда на член 6, став 1 од Конвенцијата. Со пресудата се утврдува повреда на правото на слобода на изразување од страна на Република Македонија, а слободата е заштитена со членот 10 од Европската конвенција за човекови права. Оваа повреда, според Судот, настанала како последица на отстранувањето на жалителите од собраниската галерија.

Владата не успеала да го убеди Судот дека било неопходно или оправдано да се отстранат жалителите од галеријата. Притоа, немало индикации дека пратениците со неуредно однесување во салата ги довеле жалителите во опасност. Уставниот суд се осврнал на предметите што биле фрлани во салата и кон галеријата, но не било дадено дополнително објаснување за видот или бројот на предметите и дали некој од нив навистина стигнал до галеријата.

Со пресудата на ЕСЧП на државата ѝ е наложено да му исплати по 5000 евра (пет илјади евра), нематеријална штета на секој од жалителите, но позначајна е одлуката по однос на општите мерки. Обврската на државата за извршување на одлуките на Судот произлегува од членот 46 од Конвенцијата за човекови права. Во согласност со член 2 од Законот за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права, извршувањето на одлуките на Судот се обезбедува со исплата на досудените средства на жалителите како правична оштштета и усвојување

и преземање на поединечни и општи мерки, заради отстранување на повредата и последиците кои настанале од неа, како и на причините што довеле до поднесување на жалби пред Судот и соодветно спречување исти или слични повреди.

Во рамките на истражувањето се обративме до Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права и до Меѓуресорската комисија за извршување на пресудите и одлуките на ЕСЧП, при што на 07.09.2017 година добивме информација за извршувањето на оваа пресуда во делот за тоа кои општи мерки ќе се преземаат за извршувањето на пресудата. Добивме одговор дека пресудата станала правосилна на 9 мај 2017 година и дека сѐ уште не е одржана средба на Меѓуресорската комисија, како и дека сѐ уште е во тек рокот во кој државата треба да достави акционен план за имплементација на пресудата. Дополнително бевме известени дека во моментов во Бирото се вршат анализи за можните општи мерки за имплементација на конкретната пресуда коишто ќе бидат дискутирани на следната средба на Меѓуресорската комисија, пред истекот на рокот за доставување на акционен план за имплементација на пресудата на ЕСЧП.

Првиот вид мерки – индивидуалните мерки, се однесуваат и се насочени кон жалителите, а вториот вид мерки – општите мерки, се однесуваат на обврската на државата да превенира идни слични повреди. При оценката на општите мерки, Комитетот на министри особено внимание ѝ посветува на ефикасноста на мерките од аспект на превенирање на идни слични повреди на ЕКЧП и на тој начин превенирање на т.н. „клонирани случаи“ пред ЕСЧП, со наводи за исти односно слични повреди на Конвенцијата како оние веќе утврдени од страна на ЕСЧП во претходни пресуди. Ова е особено важно од аспект на извонредно големиот број на жалби со кој се соочува ЕСЧП во последните години и потребата од обезбедување на долгорочна ефикасност на системот на извршување.[20]

Со оглед на фактот што пресудата е правосилна, се поставува прашањето на кој начин ќе биде извршена во делот на општите мерки кога во моментов Деловникот на Уставниот суд, наложува одржување на јавна расправа, а праксата на постапувањето на Судот покажува поинакви тенденции.

20 Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП, Министерство за правда на РМ http://biroescp.gov.mk/%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D1%80%D1%88%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5/

# Заклучоци и согледувања:

- Уставниот суд на РМ навремено ги објавува сите одлуки и решенија на својата интернет-страница. Одлуките и решенијата се лесно достапни и системот за пребарување е целосно функционален, што значително придонесува за зголемување на видливоста на судот.

- Во годишните извештаи на Уставниот суд на РМ недостасуваат информации за организирањето на конференции за печат, во согласност со обврската во Деловникот за организирање по потреба, а најмалку двапати во годината. Нема информации за издадените билтени и збирки на одлуки како трајни извори за запознавање на јавноста со неговите одлуки, стручни мислења и ставови.

- Од страна на Уставниот суд постои недоволен интерес за неговата застапеност во медиумите. Во дел од годишните извештаи е наведено дека Судот по секоја завршена седница преку средствата за јавно информирање, овозможува медиумите сеопфатно да се информираат за одлуките и решенијата на Судот, а не е наведен начинот и формата на споделување на информациите.

- Мал број граѓани се одлучуваат да побараат заштита од страна на Уставниот суд за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот и постои намалување на трендот на поднесени барања. Причината е што во Уставот на РМ не е целосно опфатена заштитата од страна на Уставниот суд на сите лични и политички права, како и на економските, културните и социјалните права и слободи на човекот и граѓанинот.

- Податоците добиени од Уставниот суд на РМ укажуваат дека во најголемиот број на постапките по поднесените барања за заштита на слободите и правата, не се одржува јавна расправа. Ваквото постапување е спротивно на член 55 од Деловникот на Судот, во согласност со кој, по правило, по барањата за заштита на слободите и правата се одлучува по одржана јавна расправа.

# Препораки:

Со назначување на лице за односи со јавноста, коешто ќе ги спроведува активностите за претставување на работата на Уставниот суд на РМ, во јавноста ќе се надминат недостатоците на Судот во однос на проследувањето информации преку средствата за јавно информирање и ќе се подобри начинот и формата на споделување на информациите.

Работата на Уставниот суд е јавна и медиумите треба да имаат можност да ги снимаат седниците. Поради тоа што судот смета дека тоа ја отежнува нивната работа, потребно е да се пронајде начин со кој не би се попречувала работата на судиите, со обезбедување на потребните технички услови.

Уставниот суд е потребно самоиницијативно да иницира заштита кога има груби повреди на уставните начела, а со тоа ќе постигне подобрување на јавниот имиџ, зголемување на довербата во Судот и ќе се придонесе за зголемувањето на видливоста на Судот.

Потребно е проширување на листата на права и слободи кои ги заштитува Уставниот суд, во согласност со член 110, алинеја 3 од Уставот на Република Македонија по барања за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, со што би се овозможила поголема заштита од страна на Уставниот суд. Дополнително да се разработи можноста за воведување правни лекови кои ќе овозможат разрешување на суштината на засегнатото право.

Потребно е почитување на членот 55 од Деловникот на Уставниот суд и одржување на јавни расправи по барања за заштита на слободите и правата, со што ќе се овозможи правилно утврдување на фактите во поединечен случај.

# Библиографија:


- Устав на РМ
- Деловник на Уставен суд на РМ (Сл. весник на РМ бр. 70/1992)
- Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник 6/2010,42/2014,148/2015,55/2016)
- Закон за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права (Сл. весник на РМ бр. 67/2009)
- Европска конвенција за заштита на човековите права и основните слободи и протоколите кон Европската конвенција, ратификувана од страна на Собранието на РМ на 10 април 1997 година
- Годишни извештаи на Уставниотсуд –Преглед на работата на Уставниот суд на Република Македонија (2002 – 2016)
- Одлуки и решенија на Уставниотсуд на РМ: У.бр.227/2006, У.бр.77/2007, У.бр.84/2009, У.бр.107/2010, У.бр.165/2014
- Случај Селмани и Други против Република Македонија (Жалба бр. 67259/14), пресуда од 09.02.2017 година.
- Уставно право, проф. д-р Светомир Шкариќ, Скопје, 1992
- Уставно право, проф. д-р Светомир Шкариќ, Скопје, 2006
- Уставно судство, проф.д-р Зоран Сулејманов и доц. д-рДејан Сулејманов, Скопје, 2013
- Конституционализмот и човековите права, проф.д-рРената Тренеска-Дескоска, Скопје 2006
- EUROPEAN COMMISSION FOR DEMOCRACY THROUGH LAW (VENICE COMMISSION), 13 October 2014, Opinion N° 779 / 2014
- Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во РМ во 2016 година, Македонско здружение на млади правници
- Уставниот суд во стегата меѓу политичките интереси и човековите права 2016, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија

- Уставна жалба, Маргарита Цаца Николовска, Правен дијалог бр.11, Институт за човекови права, Скопје, 2016
- Улогата на Уставниот суд на Република Македонија во заштита на слободата и правата на човекот и граѓанинот повредени со поединечен акт или дејство, м-р Јордан Арсов, Правен дијалог бр.3,Скопје: Институт за човекови права, 2011
- Трансформативната улога на Уставен суд на РМ, Центар за истражување и креирање на политики, Скопје, 2006
- Анализа за независноста на судството во Република Македонија, перцепција, потешкотии и предизвици, Маргарита Цаца Николовска, Скопје: Институт за човекови права, 2013